Република Македонија

**Министерство за локална самоуправа**

Архивски број 18-1859/2
Дата: 05.10.2017 16


Министерство за
локална самоуправа

Ул. "Мито Хаџивасилев
Јасмин" б.б,
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3216 134
Факс: (02) 3216 134
Е-пошта:
www.mls.gov.mk


**До**
**Здружение за промовирање на еднакви можности за сите-Свет за сите**
**Бул. Видое Смилевски 77/4/27**
**Скопје**

**Предмет: Произнесување по предлогот на Здружението за промовирање на еднакви можности за сите-Свет за сите**

**Врска:** Бр. 43-6047/2 од 22.09.2017

Почитувани,

Министерството за локална самоуправа го разгледа предлогот на Здружението за промовирање на еднакви можности за сите-Свет за сите, доставен од Генералниот секретаријат на Владата, за подготовка на Стратегија и Акциски план за соработка на општините со граѓанскиот сектор, како и алатки за пристапност.

Министерството за локална самоуправа целосно го поддржува предлогот на Здружението Свет за сите, во смисла на создавање на услови за институционална соработка на општините со граѓанскиот сектор врз основа на стратешки или програмски документ и утврдени критериуми за финансиска поддршка.

За таа цел Министерството за локална самоуправа и Одделението за соработка на Владата со невладиниот сектор ги поттикнува општините за подготовка на стратешки и оперативни документи, притоа земајќи ги предвид спецификите и приоритетите на општината. Со оглед дека има општини кои што имаат подготвено Стратегија за соработка на општината со граѓанскиот сектор, Министерството за локална самоуправа, во соработка со УНДП работи на воспоставување на Методологија со јасни критериуми за финансирање на проекти на ГО од страна на општините во минимум 5 општини, со реплицирање на добрата пракса и во другите општини.

Министерството за локална самоуправа и во иднина ќе ги поддржува општините во создавањето услови за отворена и транспарентна соработка со граѓанскиот сектор.

**МИНИСТЕР**
**Suhejl Fazliu**

**Подготвил**
**М-р Ели Чакар**

**Одобрил**
**Државен секретар**
**Кирил Парталов**